Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6319 | 1 | |

15:17

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**ПРЕДЛОГ**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

**Образложение**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, во услови кога е отпочната изборната кампања, постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички ривали, согласно член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6244/1 од 06.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот", за член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Според потврдените кандидатски листи, коалициите предводени од партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, потоа коалицијата ВМРО за Македонија и партијата ДУИ имаат предложено по седум кандидатски листи. Според Писмениот извештај за надзор над известувањето на ТВ 24 Вести ДООЕЛ Штип, во графата Активности на учесници во изборна кампања и кандидати се гледа дека за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ е

одвоено диспропорционално многу време, 35 минути и 34 секунди или 30,23 проценти од вкупното одвоено време. За коалицијата предводена од СДСМ се одвоени 25 минути и 53 секунди, или 22 проценти. Ова е значителна дисбалансираност од безмалку една третина од времето одвоено за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Разликата е уште подрастична во однос на партијата ДУИ, која исто така има поднесено седум кандидатски листи – за нејзините активности се одвоени само 15 минути и 35 секунди, или 13,24 проценти од вкупното време. Тоа е помалку од половина од времето посветено за коалицијата предводена до ВМРО-ДПМНЕ. Коалиции и партии со помал број потврдени кандидатски листи од ДУИ, како Коалицијата за Промени и Правда, има приближно еднакво време како партијата ДУИ, 17 минути и 54 секунди. Коалицијата ВМРО за Македонија има добиено 11 минути и 24 секунди, приближно колку и ДУИ, но далеку под коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, со кои има еднаков број кандидатски листи.

Врз основа на претходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, а со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________________
2. Љубомир Костовски ____________________
3. Цветин Чилиманов ____________________